*Обраќање на Претседателот на МАНУ акад.Живко М. Попов по повод Денот на МАНУ, 10. Октомври 2025 година*

Почитувани дами и господа,

Почитувани колеги,

Почитувани присутни,

Најнапред би сакал да Ви се заблагодарам за присуството и да го честитам Денот на МАНУ, денот на конституирањето на највисоката научна и уметничка институција во републиката и еден од симболите на македонската државотворност.

МАНУ е формирана во 1967 година како највисока научна и уметничка институција во Република Македонија, во рамките на бившата Југословенска федерација, со матична комисија составена од врвни македонски научни работници и еминентни членови на најстарите академии на науките во тогашна Југославија, српската, хрватската и словенечката. При тоа, првиот состав на академици е избран согласно највисоките универзални научни и уметнички стандарди и критериуми.

Денес, после 58 години од нејзиното формирање, МАНУ претставува најзначајна национална научна и уметничка институција од посебен општествен интерес во нашата држава, која со децении наназад, со својата научно-истражувачка дејност, творештво и советодавна улога, претставува столб во градењето и зачувувањето на идентитетот, македонскиот јазик, историјата и државноста на македонскиот народ и деловите од другите народи кои живеат во земјата.

Со **Програмата за 2025 година**, Академијата започна со реализација на своите програмски активности во втората година на новиот состав на Претседателството на МАНУ, па така во оваа година, начелно, беше предложена обемна и богата работна програма. Во научната програма за 2025 година се работи вкупно на 75 научно-истражувачки и уметнички проекти од разни области. Од проектите, 45 се реализираат во рамките на одделенијата на МАНУ и 30 во рамките на истражувачките центри на Академијата. Од вкупниот број научно-истражувачки и уметнички проекти, 17 научно-истражувачки проекти целосно се финансираат од меѓународни извори, поголемиот дел од проектите се финансираат од наменските буџетски средства на МАНУ, додека во рамките на билатералната соработка со Српската академија на науките и уметностите ќе се реализираат 6 заеднички научно-истражувачки проекти кои се во фаза на подготовка, како и по 1 проект со Црногорската академија на науките и уметностите и со Унгарската академија на

науките, по што ќе се објавуваат и ќе се промовираат резултатите од истражувањата. Во најскора иднина планирани се посети и зајакнување на билатералната соработка и со други академии во регионот (Хрватската, Словенечката, Косовската, Албанската и др.).

Одделенијата и истражувачките центри на МАНУ, во своите програмски активности предвидуваат реализација на околу 36 научни собири (домашни и меѓународни научни конференции, тркалезни маси, работилници, јавни дебати и сл.), свечени собири, промоции и изложби, кои треба да се реализираат до крајот на годината. Од нив повеќе од третина се реализирани во рамките на планираните активности на Одделението за општествени науки и на Центарот за стратегиски истражувања “Ксенте Богоев”, каде што доминираат теми поврзани со високото образование и научноистражувачката дејност, историјата, правосудниот систем, економијата и евроинтеграцискиот процес на земјата. Исто така, поголем дел од овие активности се реализирани во рамките на предвидената програма на Одделението за лингвистика и литературна наука и на Истражувачкиот центар за ареална лингвистика.

Програмата за работа на МАНУ во 2025 година предвидува и обемна издавачка дејност – 27 периодични изданија и 40 посебни изданија. Во текот на 2025 година, МАНУ планира да организира и промоции на своите публикации заради запознавање на пошироката научна и стручна јавност, како и на владините функционери со резултатите од нејзиното научно и уметничко творештво. На тој начин МАНУ ќе учествува во креирањето на политиките во областа на науките и уметностите и во вкупниот развој на земјата. Програмата на Македонската академија на науките и уметностите за 2025 година е отворена и флексибилна и таа ќе се изменува и ќе се дополнува со предлози што ќе ги прифати Претседателството на МАНУ, а ќе се реализира во рамките на одобрените буџетски средства од сите извори на финансирање утврдени во Буџетот на Академијата.

Покрај обврската за заокружување на богатата програмска активност на МАНУ и за наменска и навремена реализација на буџетските средства до крајот на фискалната година, на Академијата и претстои и обврската во 2025. како изборна година да ја реализира постапката за избор на нови членови во нејзините одделенија. МАНУ секогаш била отворена за сите граѓани кои ги исполнуваат високите научни и уметнички критериуми за членство во неа, без оглед на нивната етничка, верска и каква било друга припадност, зашто таа се води единствено по принципите на мериторност и препознатливост како универзални вредности на дострелите и творбите во научната и уметничката сфера. Од нејзиното основање до денес, членови во Академијата биле припадници на македонскиот народ, но исто така и на другите етнички заедници.

Законот за МАНУ, Статутот на МАНУ и пред сé, интерните акти на МАНУ, како: Правилникот за критериумите за избор на членови во МАНУ и Правилникот за постапката за избор на членови во Академијата, пропишуваат јасно утврдени квалитативни и квантитативни универзално признати критериуми за оценување на потенцијалните кандидати за членство во МАНУ. Сето ова се одвива во точно утврдена постапка чие времетраење од скоро една година јасно говори за сериозниот пристап на Академијата кон овој процес. Овластените предлагачи, навремено ги истакнаа кандидатурите на оние кои според наведените критериуми и вредности го заслужуваат ова високо општествено признание. Изборниот процес привршува и до крајот на годината академијата ќе биде зајакната со нови квалитетни дописни и редовни членови во работниот состав и надвор од него.

Покрај претходно наведените програмски активности, Претседателот на Владата најави вклученост на МАНУ во изработка на заеднички сеопфатен проект во сите круцијални области на општественото живеење, од кој ќе произлезат приоритетни документи за развој на државата до 2050 година. На овој начин би се отишло чекор напред во однос на усвоената национална стратегија во Собранието на РМ преку конкретизација на проблемите и мерките за нивно реформирање, односно имплементацијата и мониторингот на овие процеси, кое нешто би било координирано од страна на академијата. МАНУ со своите 6 одделенија, 8 научно-истражувачки центри и со своето искуство, во соработка со Владата и со професорите и научниците од универзитетите и научната заедница има капацитет да работи на овие теми и прашања.

Во МАНУ покрај индивидуалните проекти на академиците кои претставуваат нивна идентификациска карта во научната област во која делуваат, интензивно се размислува и се прават подготовки за приоритетни проекти од егзактните и општествените науки врз кои таа би работела не само во текот на 2025 година туку и во наредните години, кои се однесуваат на стратегиски прашања од посебен интерес за Македонија и се поврзани со реализацијата на усвоената Национална развојна стратегија и со развојната програма до 2050 година, како и со потребата од зајакнување на советодавната улога на МАНУ. Притоа, посебно внимание ќе обрнеме на најзначајните приоритетни прашања, од посебно значење за долгорочниот развој на земјата. Инаку веруваме дека проектите на кои во моментот се работи во академијата корисно ќе и послужат на Владата во креирањето на политики во областите кои се предмет на анализа. За таа цел најпрво во пократки црти ќе ви ги претставам активностите на истражувачките центри на природните и егзактни науки и оние на општествените науки, а потоа посебно ќе се задржам на активностите на ИЦАЛ и Лексикографскиот центар со оглед на фактот дека во оваа година ја славиме 80. годишнината од кодификацијата на македонскиот стандарден јазик.

**Центарот за стратегиски истражувања „Ксенте Богоев“ на МАНУ** и во тековнава година покажа извонредно плодна и богата активност во реализацијата на целите зацртани со Програмата за работа на Центарот во 2025 година. Ќе спомнам само дел од научните настани на Центарот одржани во МАНУ :

Во организација на нашите три центри: Центарот за стратегиски истражувања „Ксенте Богоев“, Истражувачкиот центар за животна средина и материјали, Истражувачкиот центар за енергетика и одржлив развој и на Катедрата Жан Моне при Економскиот факултет во Скопје, во рамките на УКИМ на 18 јуни оваа година, во МАНУ се одржа тркалезна маса на тема: **Зелен раст- посебен осврт врз Република Македонија** *(животна средина, циркуларна економија, енергетска транзиција и трговија).* Со оваа научна расправа Центарот за стратегиски истражувања на МАНУ, фактички го финализираше тригодишниот научен проект (2023-2025): **Концептот на зелена економија и зелен раст и можностите за негова примена во Република Македонија.**

Центарот за стратегиски истражувања на МАНУ, во соработка со Регионалниот институт за развојни студии од Скопје при Универзитетот за мир основан од ООН и со Дипломатскиот клуб - Скопје, на 26 јуни оваа година, одржаа тркалезна маса на тема **Геополитичкиот пејсаж и проширувањето на ЕУ: Перспективи за Република Македонија и другите земји-кандидати од Западен Балкан.** На научната расправа зедоа учество академици, професори, амбасадори и дипломати. Зборникот на трудови од тркалезната маса, исто така, е во фаза на објавување.

Центарот за стратегиски истражувања „Ксенте Богоев“ на МАНУ на конкурсот објавен од страна на МОН го доби проектот **Владеење на правото во функција на економскиот развој на Северна Македонија.** Овој проект ги истражува комплексните врски меѓу владеењето на правото, ефикасноста на институциите и економскиот раст и развој.

Центарот за стратегиски истражувања „Ксенте Богоев“, до крајот на годината до Фискалниот совет на Република Македонија ќе ги достави прелиминарните резултати од научноистражувачкиот проект- **Проценка на ефикасноста на јавната потрошувачка во Република Македонија,** кој се работи по барање на Фискалниот совет, без финансиска поддршка. Понатаму во соработка со UNDP – Скопје, и Универзитетот од Денвер – САД, во март оваа година, организираше обука (тренинг) за користење на глобалната иновативна алатка, т.е на Моделот на Меѓународна иднина (International Futures Model). Обуката успешно ја завршија научни работници од центрите на МАНУ, од Економскиот факултет во Скопје и од Секретаријатот на Владата на РМ.

Центарот за стратегиски истражувања „Ксенте Богоев“ во соработка со Истражувачкиот центар за културно наследство, беше активно вклучен и во организацијата на 13 Меѓународен Конгрес на Меѓународната асоцијација за проучување на Југоисточна Европа, кој се одржа во МАНУ од 15 до 19 септември 2025 година.

**Истражувачкиот центар за животна средина и материјали во 2025 година ги имаше следните проектни активности:**

**1.1. Проект „Македонски природни богатства“**

Центарот е вклучен во проектот на МАНУ од посебен интерес под наслов „Македонски природни богатства“, кој беше реализиран под раководство на акад. Глигор Јовановски. Од проектот произлезе импозантно издание насловено “Македонски природни богатства”, чиј уредник е токму акад.Глигор Јовановски, лауреат на наградата “11.Октомври” за 2025 година.

Членовите и соработниците на Центарот од Природно-математичкиот, Земјоделскиот и Шумарскиот факултет во Скопје, беа вклучени во одредени поглавја кои се однесуваат на биолошката разновидност (флора, фауна, фунгија), минерални и водни ресурси, земјоделство и шумарство.

**1.2. Проект „Нosливи паметни облоги за мултимодален третман на рани“**

Продолжува работата на проектот финансиран од НАТО – Наука за мир и сигурност, во кој учествуваат: ИЦЖСМ, Институтот за хемија (ПМФ, Скопје), Фармацевтски факултет (Скопје), Технолошки факултет (Нови Сад, Србија), Национален медицински факултет (Тернопил, Украина) и Институтот за полимери, композити и биополимери при CNR, Италија.

**2. Меѓународна соработка:**

**2.1. Билатерални проекти МАНУ–САНУ (2025–2027)**

Во тек е процедурата околу прифаќање на три заеднички проекти помеѓу МАНУ и САНУ:

• Ендемична флора на Балканскиот Полуостров во Србија и во Македонија – распростанување, разновидност, екологија и фитогеографска положба (во соработка со Одделението за хемиски и биолошки науки, САНУ);

• Биогеохемиски испитувања на растенија и почви од напуштениот рудник за As и Tl – Алшар, С. Македонија (во соработка со Институтот за биолошки истражувања „Синиша Станковиќ“, Белград);

• Полимерни мембрани за контролиран испуст на лекови (во соработка со Институтот за технички науки при САНУ);

**2.2. Меѓународна соработка со Универзитетот во Грајфсвалд, Германија**

Центарот учествува во проектот ADVANCING ELECTROANALYTICAL TOOLS FOR THE INVESTIGATION OF ELECTROCHEMICAL AND BIOELECTROCHEMICAL ENERGY CONVERSION PROCESSES, во соработка со проф. Uwe Schröder (Институт за биохемија, Универзитет во Грајфсвалд), поддржан од Фондацијата „Александар фон Хумболт".

**2.3. Универзитетот во Њујорк, кампус Абу Даби (**оддел за наука и математика**) –** Проект: **„Паметни мембрани"** продолжува истражувањето и соработката.

**3. Истражувања на животната средина во РС Македонија**

**3.1. Истражувања на загадувањето на воздухот и микропластика**

Продолжува истражувањето на загадувањето на воздухот со тешки метали преку биомониторинг на територијата на Македонија. Паралелно, продолжува и MADAME проектот за определување на микропластика во воздухот со користење на мовови како биомонитори (ICP Vegetation survey).

**3.2. Истражувања на контаминирани подрачја и фиторемедијација**

Центарот е вклучен во истражувања на контаминацијата и фиторемедијацијата на загадени подрачја. Во 2025 година продолжија теренските и лабораториските истражувања на локациите **Злетово – Пробиштип, Тораница – Крива Паланка** и **Велес**. При тоа, се спроведуваат детални геохемиски анализи на почви, растенија и води со цел процена на еколошките ризици и утврдување на можностите за ремедијација. Посебен акцент е ставен на идентификација на растенија погодни за **акумулација на метали** и нивна **примена во процеси на фиторемедијација.**

**4. Учество во COST акции**

Во 2025 година вработените во Центарот продолжија со активно учество во следните COST акции:

**5. Организација на научни собири**

**5.1. Тркалезна маса „Зелен раст – посебен осврт врз Северна Македонија (Животна средина, циркуларна економија, енергетска транзиција, трговија)"**

Во соработка со Центарот за стратегиски истражувања „Ксенте Богоев", Истражувачкиот центар за енергетика и одржлив развој и Економскиот факултет при УКИМ, Центарот организира тркалезна маса на тема „Зелен раст – посебен осврт врз Северна Македонија", која беше одржана во амфитеатарот на МАНУ на

18 јуни 2025 година. Подготвена беше и објавена книга на апстракти, а во тек е подготовка на Зборник на трудови, кој ќе биде објавен од МАНУ.

**5.2. Организација на 10-тата Европска школа за кристалографија (ESC10)**

Центарот учествуваше во организацијата на ESC10, која се одржа од 22 до 29 јуни 2025 година во РС. Македонија, на тема „Од нано до макро: разјаснување на структури на различни должински скали“, организиран од проф. д-р Панче Наумов, надворешен член на МАНУ. Школата е наменета за студенти и млади научници од биологија, биохемија, хемија, материјални науки и физика, со цел едукација за современи методи на дифракција надвор од рамките на традиционалната кристалографија.

6. **Учество во Националната развојна стратегија 2024–2044**

Центарот учествува во работата на комитетот за темата „Сигурно, безбедно и отпорно општество – управување со вонредни состојби“, како и во активности со владини и невладини организации (МЕД, Екосвест и др.), за зачувување на биолошката разновидност и валоризација на природните вредности.

## Резиме за активностите на Истражувачкиот центар за енергетика и одржлив развој (ИЦЕОР) во 2025 година

Истражувачкиот центар за енергетика и одржлив развој (ИЦЕОР) при Македонската академија на науките и уметностите е водечки научен центар посветен на развојот на енергетскиот сектор и климатската акција. Со своите истражувања, научни проекти и стручни анализи, Центарот придонесува кон формулирањето на енергетските и климатските политики и учествува во бројни национални и меѓународни иницијативи за праведна енергетска транзиција и декарабонизација на економијата. Како член на Меѓународната мрежа на центри за одржлив развој, ИЦЕОР е активен учесник и во глобалните иницијативи за одржлив развој и во повеќе експертски мрежи и панели во областа на енергетиката и климатските промени.

Како во претходните така и во 2025 година, Центарот се истакнува и со својата меѓународна научно-истражувачката дејност, преку трудови и500уреднички позиции во врвни научни списанија и учество во организацијата на престижните SDEWES конференции, во организација на Меѓународниот центар за одржлив развој во енергетиката, водата и животна средина.

Центарот е вклучен и во процесот на креирање на стратешки документи и регулативи за енергетиката во Македонија, како што се Законот за енергетиката, Законот за енергетска ефикасност и Законот за возила, заедно со придружната

подзаконската регулатива. Спроведува анализи за соларни паркови, јаглероден данок и локално загадување. Преку овие активности, Центарот одржува активна соработка со релевантни државни институции во Македонија, како што се Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и Министерството за животна средина и просторно планирање. Со својата научна експертиза и активно учество во клучните енергетски и климатски процеси, ИЦЕОР е столб на енергетската транзиција во Македонија обезбедувајќи научна основа за одржливиот развој на државата.

**Во прилог се одбележани активностите на Истражувачкиот центар за компјутерски науки и информатички технологии:**

Во текот на 2025 година од членовите на Центарот се објавени повеќе од 20 научни трудови во списанија со фактор на влијание.

Во моментот во Центарот се реализираат 7 меѓународни проекти со вкупна вредност од над 1 милион евра.

Членовите на Центарот во 2025 година учествуваат во изработка на голем број стратегиски документи за потребите на Република Македонија.

На најновата листа од Универзитетот Стенфорд, објавена во септември 2025 година, за 2% највлијателни научници во светот за времето заклучно со 2024 година се наоѓаат акад. Љупчо Коцарев и акад. Леонид Грчев, додека пак на листата само за 2024 година се наоѓаат акад. Љупчо Коцарев, акад. Леонид Грчев и д-р Трифче Сандев.

Членовите на Центарот учествуваат во уредувачки одбори на врвни научни списанија и во уредување на 6 специјални изданија:

- Три во списанието Chaos (Q1, impact factor 3.2) и тоа:

  1. Anomalous Diffusion and Fluctuations in Complex Systems and Networks
  2. Nonlinear Dynamics, Network Science, and Machine Learning: Dedicated to Ljupco Kocarev’s 70th Birthday
  3. Platform physics: modeling the complexity and dynamics of socio-economic platforms

- Едно во списанието Chaos, Solitons & Fractals (Q1, impact factor 9.9) со наслов Machine learning for understanding socio-economic systems: dynamics, complexity and networks
- Едно во списанието Sustainability со наслов Data-Driven Approaches for Identifying Environmental Sustainability Challenges and Benefits
- Едно во списанието Entropy со наслов Random Walks and Stochastic Processes in Complex Systems: From Physics to Socio-Economic Phenomena

Членовите на Центарот во текот на 2025 година соработуваат со професори и истражувачи од врвни универзитети и институти од САД, Кина, Германија, Израел, Кореја, Индија, Холандија, Шпанија, Полска, Чешка, Бразил и др. и имаат остварено повеќе научни посети на врвни универзитети ширум светот и своите научни резултати ги имаат презентирано на голем број конференции и состаноци на врвни универзитети во Кина, Германија, Кореја, Србија, Франција и др.

**Истражувакиот центар за културно наследство (ИЦКН) "Цветан Грозданов"** при МАНУ неодамна одбележа десет години од своето постоење, период во кој членовите на Центарот постигнаа значајни резултати во доменот на научно-истражувачката дејност реализирајќи проекти од национално значење, но и проекти од сферата на заштитата и промоцијата на културното наследство. Треба да се нагласи дека работата на Центарот во изминатиот период ја одбележаа и триесеттина изданија, 17 научни монографии, 5 зборници на трудови од меѓународни научни собири и 8 тома од годишникот на Центарот списанието МОНУМЕНТА. Двата тома од капиталното дело **Корпусот на камени споменици од Македонија** се дел од познатата светска едиција на универзитетот во Oxford. Центарот во изложбениот салон на МАНУ приреди неколку значајни изложби по повод големи јубилеи од нашата културна историја пропратени со оригинални дела и артефакти од богатата ризница на македонското културно наследство. Чинот на реституцијата и враќањето на нашето културно наследство и иконите од Албанија го издвојувам како едно од големите достигнувања на Центарот. Овогодишната награда на МАНУ Блаже Коневски за акад. проф. д-р Емилио Марин од Загреб произлезе како предлог на ИЦКН Цветан Грозданов при МАНУ.

**Извештај за активностите на Истражувачкиот центар за генетско инженерство и биотехнологија „Георги Д. Ефремов", МАНУ во 2025 година**

Во текот на 2025 година, Истражувачкиот центар за генетско инженерство и биотехнологија (ИЦГИБ) при МАНУ реализираше бројни научноистражувачки и апликативни активности со значаен национален и меѓународен импакт. Центарот продолжи со истражувања во областа на молекуларната медицина, хуманата генетика, геномиката и протеомиката, фокусирајќи се на примена на современи генетски технологии во изучувањето на ретки наследни и малигни болести.

Во август 2025 година, ИЦГИБ започна со реализација на националниот проект насловен „Национален геномски пристап за ретките болести: од истражување до дијагноза и превенција", со вкупна вредност од 12.000.000 денари, од кои 8.000.000 се финансирани од Министерството за образование и наука, а 4.000.000 денари од сопствени средства. Проектот е структуриран околу три поврзани цели: (1) зголемување на дијагностичката стапка кај ретките болести преку примена на напредни геномски, транскриптомски и протеомски технологии; (2) популациска анализа и развој на национална база на ретки варијанти и панел за преконцепциски

скрининг; и (3) развој и валидација на класични и неинвазивни методи за преимплантациско тестирање кај семејства со ретки болести. Овој проект претставува стратешки важен чекор за унапредување на дијагностиката, научното знаење и јавноздравствените политики во областа на ретките болести. Очекувано е да придонесе кон зголемување на бројот на поставени генетски дијагнози и подобрување на здравствената грижа за пациентите и нивните семејства.

Покрај овој проект, Центарот активно учествуваше во повеќе национални и меѓународни проекти и истражувачки мрежи. Работата беше насочена кон продлабочување на знаењата во областа на репродуктивната генетика (повторени неуспешни бремености и машки инфертилитет), како и во наследните карциноми, особено кај карциномот на дојка и јајник.

Во соработка со домашни и странски партнери, научниците од ИЦГИБ објавија 14 научни трудови во меѓународни списанија и учествуваа со поканети предавања и презентации на повеќе значајни конференции, меѓу кои: Европската конференција за хумана генетика (Милано), Балканскиот конгрес за хумана генетика (Блед), Конгресот на генетичарите на БиХ (Бања Лука) и Конференцијата за протеомика на Централна и Источна Европа (Будимпешта).

Центарот продолжи со издавање на списанието Balkan Journal of Medical Genetics (BJMG) – единствено специјализирано генетско списание во регионот, индексирано во 30-тина релеванти датабази меѓу кои и PubMed, Web of Science и Scopus. За 2024 година, импакт факторот на BJMG изнесува 0.9, исто колку и петгодишниот просек.

Значајно место во активностите на Центарот е апликативната дејност која во најголем дел се одвива во соработка со Здравствениот Фонд со годишен буџет од 45.500.000 денари и која претставува солидна база за бројни научноистражувачки проекти. Оваа година се започна со изведување на новововедената анализа за молекуларно профилирање на тумори со екстензивен панел на канцер гени, која претставува најсовремен пристап во персонализираната терапија на онколошките заболувања и овозможува детекција на сите познати молекуларни дефекти во гените асоцирани со малигни заболувања и дизајнирање на индивидуално базирана терапија која има најголема шанса за успех со минимални несакани ефекти кај секој пациент поединечно..

Со своите научни резултати, апликативна работа и јавна ангажираност, ИЦГИБ останува водечка национална институција во областа на генетиката и молекуларната медицина, придонесувајќи кон развојот на современата биомедицина во земјата и пошироко.

**Во рамките на активностите на одделението за уметност** за 2025 година во однос на издавачката дејност посебно се истакнува објавената трилогија книги на акад.Божин Павловски во издание на МАНУ и Матица, насловена: 1. Записи од надземјето: Клетии, 2. Записи од подземјето: Чудесии, 3. Игра со љубов. Болеста на коренот. Исто така во подготовка е и книга насловена: “Ликовната критика за творештвото на Васко Ташковски” од група автори од Македонија и од бившите југословенски простори. Академик Васко Ташковски годинава имаше заедничка ликовна изложба насловена: Три генерации, во Скопје, Куманово и во Кавадарци. Нашите академици ликовни уметници работат со несмалено темпо и се подготвуваат за идни изложби, од кои една позначајна е предвидена наредната пролет во Црногорската академија на науките и уметностите во Подгорица.

Почитувани,

Со одлука на Владата на РС Македонија и Министерството за образование и наука, 2025 година е прогласена за година во којашто се одбележува 80-годишнината од кодификацијата на македонскиот стандарден јазик, еден од најважните моменти во зацврстување на многувековното постоење на македонскиот јазик, македонската култура и секако, на македонскиот идентитет.
Во тој контекст неодминливо е да зборуваме за настаните кои овозможија озаконување и официјализирање на литературниот македонски јазик не само во рамки на тогашната Народна Република Македонија, туку и негово внесување во светското семејство на литературни јазици. Имено, на 5 мај 1945 година, со решение на Народната влада на Демократска Федеративна Македонија, прогласена е официјалната македонска азбука, по предлог на Комисијата за јазик и правопис.

Овој значаен настан, за стандардизацијата на македонскиот јазик, е само една алка во низата настани кои непосредно следувале и претходеле во процесот на кодификацијата на македонскиот стандарден јазик. Една и пол година претходно, прво со одлуката на Претседателството на Второто заседание на АВНОЈ (29 ноември 1943) македонскиот јазик, заедно со српскиот, хрватскиот и словенечкиот е прогласен за службен јазик на целата територија на Југословенската федерација, а потоа со Решението на Првото заседание на АСНОМ (2 август 1944) е воведен македонскиот како службен јазик во македонската држава.
Народната основа на македонскиот литературен јазик е главниот двигател на неговиот повеќевековен континуитет. Имено, јазичната територија на македонскиот јазик подолг период била под туѓи општествено-политички влијанија. Народите и јазиците со коишто македонскиот јазик стапувал во интеракција генеалошки не биле толку сродни (латино-романски, грчки, албански, влашки, подоцна и турски). Сето тоа го принудило македонскиот јазик постојано да се адаптира, да иновира, да

еволуира со цел да опстане и да овозможи непречена комуникација како меѓу своите говорители, така и со говорителите на другите несловенски јазици и дијалекти. Токму таа слобода во развојот на живата комуникација на македонски народен јазик, овозможила непречен јазичен континуитет чија официјализација се случила токму со вклучувањето на народната основа при кодификацијата на македонскиот стандарден јазик во 1945 година.

Како што спомнавме, кодификацијата и прогласувањето на македонската азбука е само една алка од низата процеси кои неизбежно воделе до тој завршен чин. Не навраќајќи се длабоко во минатото, сепак вреди да ги спомнеме Партениј Зографски, Јоаким Крчовски, Кирил Пејчиновиќ и Ѓорги Пулевски значаен по една од првите македонски азбуки, како и многу други кои дале огромен влог во оформувањето на она што подоцна ќе стане македонски литературен јазик. Несомнено, на почетокот на 20-тиот век, не смееме да ја пренебрегнеме улогата на една од најзначајните национално-културни асоцијации во минатото – македонското научно-литературно другарство во Петроград (1902-1917). Во рамките на ова другарство во 1902/1903 година беше подготвена првата дотогаш најкомплетна македонска национална програма, пласирана низ словенскиот свет, потоа првата кодификација на македонскиот современ јазик на кој што беше објавена и првата книга “За Македонцките работи” од Крсте П. Мисирков, беа составени повеќе историски меморандуми испратени до големите сили, беше подготвен обемен македонско-руски речник од страна на Димитрија Чуповски, излегуваше научното и литературно списание “Вардар” и многу други нешта од национален интерес. Во периодот после Првата светска војна би го споменал и моментот кога Грчката влада под притисок на Друштвото на народите во Женева им отвори на Македонците во своите граници училишта на мајчиниот јазик, го напечати познатиот буквар на славомакедонски јазик (Abecedar) со адаптирана латинска азбука. Но под внатрешен и надворешен притисок на соседните монархии букварот никогаш не заживеа. Понатаму во 1933 година, Коминтерната се почувствува принудена да посвети поголемо внимание на националниот ентитет на Македонците и нивната борба за етнички права. Па така на 11 јануари 1934 година Извршниот комитет на Коминтерната донесува решение за признавање на македонската нација и на македонскиот јазик како посебни во словенската група и на балканскиот полуостров. Ова решение како потврда на внатрешниот развој на македонскиот народ има големо значење како прво официјално признавање од ваков вид и е со извонредно благотворно влијание за натамошниот развој на македонската национално-ослободителна борба во текот на Втората светска војна и после неа.

Тој континуиран процес кон стандардизација и кодификација на македонскиот јазик бил пропратен и со научните истражувања на странските слависти, особено кон

крајот на 19-тиот и првата половина на 20-тиот век. Покрај Франц Миклошиќ, Ватрослав Јагиќ и многу други, од особено значење е словенечкиот славист Ватрослав Облак кој во 1896 година ја објавил книгата „Македонски студии“. Во периодот меѓу двете светски војни најмногу се истакнуваат француските слависти Андре Мазон и Андре Вајан, како и полскиот славист Мјечислав Малецки, кои со своите истражувања констатираат дека македонскиот јазик претставува посебна индивидуалност во јужнословенската јазична група.

Во истиот период, исто така се засилува и драмското и лирското творештво на македонски народен јазик кое во голема мера ќе биде вградено и во оформувањето на македонскиот литературен јазик. Во низата настани кои директно ѝ претходеле на кодификацијата на македонскиот стандарден јазик, од големо значење е и отворањето на училишта на македонски јазик на ослободената територија во западна Македонија во текот на Втората светска војна, што всушност претставува непобитен факт дека македонскиот јазик ја имал улогата на национален јазик уште пред да стане службен со познатото решение на АСНОМ донесено на неговото прво заседание.

Поради сето ова, аргументирано можеме да тврдиме дека официјализирањето на македонската азбука и на македонскиот стандарден јазик не е некаква “вештачка конструкција“, туку претставува логичен след на долговековниот просторен и временски континуитет на македонскиот јазик и неговите дијалекти на целата јазична територија. Неговото дијалектно богатство, вградено во литературата и стандардот, го прави посебен, уникатен, и докажува дека македонскиот јазик има долга историја и особен влог во рамките на групата словенски јазици и светското јазично семејство, а неговата посебност и специфичност предизвикува особен интерес во меѓународната лингвистичка научна средина.

Но борбата за зачувување на македонскиот јазик не е завршена, таа мора да трае и да продолжи пред меѓународните институции за човекови права, бидејќи неговата официјална употреба од страна на деловите на македонскиот народ во соседните земји е оневозможена со превземените обврски со потпишаните меѓународни договори. Законот за македонскиот јазик е донесен со задоцнување и затоа државните институции треба да вложат многу поголеми усилби за негова соодветна имплементација. Потребно е воспоставување на правилна употреба на македонскиот јазик како официјален јазик за меѓусебно разбирање на сите граѓани на државата, согласно општоприфатените меѓународни прописи во светот и ЕУ каде што ние целиме.

Почитувани,

Македонската академија на науките и уметностите како и другите академии во регионот и пошироко е создавана при оформувањето на нациите, нивниот идентитет и државност, пред сé да се грижи за зачувувањето и развојот на јазикот, националната историја, нашата култура и духовното богатство, па така од првите 14 академици, дури 8 биле лингвисти и уметници (писатели, поети, сликари) за што Конески сметал дека “Формирањето на Македонската академија претставува еден од нашите најкрупни потфати на културното поле”. Така и ден-денес МАНУ во соработка со Институтот за македонски јазик, катедрата по македонски јазик при УКИМ и другите универзитети и научни институции продолжува во полна пареа да работи на збогатување и усовршување на македонскиот литературен јазик.
Исто така сметам дека во наредниот период би требало да се зајакне местото и улогата на македонскиот јазик во концептот на јужнословенски јазици. Тоа најдобро би можело да се направи со возобновување на катедрите по македонски јазик на универзитетите во бившите југословенски простори. Овие универзитетски центри во старт сесрдно ја поддржуваа посебноста на македонскиот народ и јазик и тоа непоколебливо го прават и денес, така да со реализацијата на овој проект значително ќе се зајакне позицијата и развојот на современиот македонски литературен јазик.

Но пред да ги наведам тие активности, би ја спомнал улогата на МАНУ и на некои од нејзините членови академици кои одиграле значајна улога не само во зацврстување на темелите на македонскиот стандарден јазик, туку и во неговото континуирано проучување и афирмација. Секако, паралелно со научните активности поврзани со стандардниот (современиот) македонски јазик, во МАНУ се проучуваше и извонредно богатата дијалектна разновидност на македонскиот јазик, која се протега надвор од границите на денешнава наша држава, а која всушност ја претставува основата и главниот темел на стандардниот македонски јазик.

Тука би спомнал само двајца од членовите на МАНУ (иако ги има многу повеќе) кои оставиле траен влог не само за зачувување на традицијата на македонскиот јазик, туку и за обезбедување на неговата иднина преку континуирано негување, проучување и афирмација во пошироки надворешни рамки. Тоа се акад. Блаже Конески и акад. Божидар Видоески.

Блаже Конески беше првиот претседател на МАНУ (1967-1975), и од денешна перспектива, слободно можеме да кажеме дека самото негово присуство и авторитет, не само во нашата, туку и во меѓународната средина, го гарантираше непречениот и забрзан развој на современиот македонски јазик и книжевност. Тој исто така успеа да го подигне статусот на македонскиот јазик и книжевност како

самостојни и рамноправни во меѓународната научна средина и да го отвори патот за идните генерации.

Од друга страна, неговиот најблизок соработник и колега, акад. Божидар Видоески, основачот на современата македонска дијалектологија, беше главниот двигател на интензивната теренска работа и проучување на македонските дијалекти на целата македонска јазична територија, при што истовремено раководеше со најголемите и најважните домашни и меѓународни дијалектолошки проекти и во Институтот за македонски јазик и во МАНУ. Неговиот влог, не само во Македонскиот дијалектен атлас, туку и во Меѓународните лингвистички атласи (како Европскиот лингвистички атлас, Општословенскиот лингвистички атлас), го обезбеди местото на македонската дијалектологија не само како рамноправна, туку и општо призната реалност во меѓународната научна средина.

Со цел да ја зачува традицијата, но и да го обезбеди континуитетот на македонскиот јазик, МАНУ презеде низа научни и други активности во 2025 година поврзани со одбележување на 80-годишнината од кодификацијата на македонскиот стандарден јазик. Ќе наведам само неколку од нив:
На 12 март 2025 година во МАНУ беше одржана Научната трибина „Статусот на македонскиот јазик – состојби и перспективи“ со учество на членови на МАНУ, универзитетски професори и научни соработници од повеќе институции. На 5 мај, МАНУ беше домаќин на Свечената академија по повод 80 години од кодификацијата на македонскиот стандарден јазик, при што, покрај претседателот на МАНУ, свои обраќања имаа претседателката на државата и неколку владини министри. Во месец мај 2025 година во МАНУ беше одржана промоција на тритомното издание “Кочо Рацин” од академик Катица Ќулавкова и дописен член Венко Андоновски, во кое што се обработени на посебен начин поезијата, прозата и животописот на авторот, како и на изданието „Македонски дијалектен атлас (од ризницата на картотеката – лексички материјали) во издание на МАНУ и Институтот за македонски јазик. За ова колективно дело на 15 лингвисти беше доделена државната награда „Гоце Делчев“ за 2025 година како особено значајно остварување од интерес за Р. Македонија во областа на науката. Меѓу добитниците на наградата се двајца членови на МАНУ, доп.член Веселинка Лабровска и акад.Марјан Марковиќ како и тројца научни соработници (Анѓелина Панчевска, Соња Миленковска и Давор Јанкуловски). Во фаза на подготовка е и вториот том на овој атлас.

Во овој контекст вреди да се спомене дека оваа година, со силна поддршка од МАНУ, Филолошкиот факултет при УКИМ, кој го носи името на корифејот на македонскиот јазик, Блаже Конески, на годинешниот конкурс на Министерството за образование доби средства за реализација на проектот „*Виртуелен музеј Конески*“.

Во проектот, од страна на МАНУ се вклучени соработници на ИЦАЛ-МАНУ, при што ќе се користат материјалите од легатот на Блаже Конески што се чуваат во Архивот на МАНУ. Основната цел на проектот е да се систематизираат и дигитализираат изворни документи на Блаже Конески и нивно претставување на научната и на пошироката јавност во дигитална форма. Покрај овие документи, во нашиот Архив "Харалампие Поленаковиќ" се наоѓаат и голем број други важни документи поврзани со јазикот и културата на Македонија кои претставуваат основа за научни истражувања.
Конески ќе рече дека „со работата за установувањето на научната и стручната терминологија се зафаќале најчесто највисоките научни институции, какви што се академиите". Македонската академија на науките и уметностите успешно и ефикасно веќе 55 години го спроведува проектот Македонска научна и стручна терминологија започнат токму од Конески уште од самото нејзино основање. Во рамките на проектот кој се одвива во Центарот за лексикографија се објавени 113 терминолошки билтени и 6 терминолошки речници. Во претходните две години беа промовирани двотомните терминолошки речници од областа на филозофијата и хемијата, а за следната година се очекува промоцијата на терминолошкиот речник од областа на физиката. Во терминолошките билтени и речници на чијашто дигитализација се работи во последните неколку години, се содржани околу 80. 000 термини што значи дека веќе имаме утврдена и стандардизирана терминологија во повеќе терминолошки области. Многу е важно **оваа терминологија да се применува при изготвувањето на законите и прописите во нашата држава,** но исто така мора да се користи **при преведувањето на законодавството на Европската Унија на македонски јазик.** Затоа се надеваме дека Собранието и Министерството за европски прашања ќе ја препознаат важноста од користењето на усогласена терминологија што ја подготвиле врвни научници во своите области во соработка со врвни лингвисти. Со доследна примена на дефинираните термини во образованието, во стручните и научните публикации, но и во административните документи и во секојдневниот живот, ќе се спречи наплив на туѓи зборови кои не се во духот на македонскиот јазик.

Академијата повторно ќе работи на проект од врвен национален интерес за унапредувањето и заштитата на македонскиот јазик. Во годината кога прославуваме 80 години од кодифицирањето на македонскиот јазик, со жалење мора да констатираме дека македонскиот јазик е единствениот национален јазик во Европа заедно со црногорскиот без свој национален или референтен корпус. Тоа е голем пропуст што мора да се исправи. Затоа, во Академијата ќе започне работата на создавање таков корпус што ќе можат да го користат сите истражувачи на јазикот. Корпусите претставуваат големи колекции на јазични податоци и се неопходни за напредокот на многу поддисциплини во рамките на лингвистиката и се основа за изработка на апликации базирани на вештачка интелигенција. Академијата има

стручни кадри и знаење за да го спроведе овој проект, а ќе бидат поканети претставници од сите релевантни институции што можат да придонесат во работата на проектот. Постоењето национален и референтен корпус ќе ни покаже со колкав лексички фонд располага македонскиот јазик и ќе ни помогне повторно да ги откриеме и да се потсетиме на подзаборавените зборови запретани во делата на македонските писатели и поети. Тоа секако ќе **иницира во МАНУ формирање на национален центар за дигитализација на културното наследство на државата.**

Овие два проекта ќе го потврдат тврдењето на Конески дека јазикот не ни е сиромашен, туку дека не си го познаваме доволно, дека не мора секогаш туѓиот збор да е посоодветен, туку дека „треба да го изнајдеме и да го искористиме секое здраво и животворно зрно од нашето веќе натрупано речничко богатство“.

Но, вакви капитални проекти не се возможни без поддршка од државата и надлежните министерства.

Почитувани,

Научноистражувачката дејност, заедно со уметничкото и литературно творештво, се инхерентни за човекот како интелигентно битие и спаѓаат во редот на неговите најкреативни дејности. Поимите, **наука** и **научноистражувачка дејност**, се релативно нови во долгата човечка историја, а своето извориште го имаат во филозофската и религиозна мисла на човекот кои го пратат од почетокот на неговото битисување како разумно суштество и го отсликуваат природниот порив за разбирање на светот околу себе и во себе. Низ долгата историја, развојот на човечката цивилизација е во недвосмислена корелација со развојот на филозофската мисла, а денес е во очигледна врска со степенот на развој на научноистражувачката дејност и нивото на научна мисла. Затоа степенот на организираност и интензитет на научноистражувачката дејност е јасен индикатор за цивилизациското рамниште на општествата денес, а нејзиниот слаб развој укажува на општ цивилизациски дефицит.

Во овој контекст, не може да биде изоставено високото образование кое нераздвојно е поврзано со научната работа, со основна мисија да создаде човечки потенцијал на високостручни, креативни, слободоумни, критички ориентирани луѓе, визионери и лидери, кои треба да бидат основен двигател на општествениот развој во целина. Да не заборавиме дека под поимот **„општествен развој“**, покрај материјалниот комодитет, се подразбираат и широки хуманистички дострели поврзани со општиот интелектуален и духовен напредок, потрага по смислата на човечката егзистенција, стремеж кон слобода, **индивидуална и национална афирмација и дигнитет, развој на колективен дух и припадност кон него, како темелни предуслови за добробит на човекот и нацијата.**

Денес, бидувајќи дел од Западната цивилизација, уживаме материјален комодитет и слобода кои се директна последица на огромниот развој на научната мисла во последниве неколку векови. Сепак, дали нашиот придонес кон овие цивилизациски придобивки е доволен, имајќи го предвид нивото и организираноста на научноистражувачката работа и високото образование кај нас? Секако дека не е доволен.

Оттука, недвосмислен е заклучокот дека се потребни коренити реформи во сферата на научноистражувачката дејност и високото образование при што **подигањето на нивниот квалитет** мора да се сфатат како ***conditio sine qua non*** за хуман и одржлив развој на македонското општество, при што МАНУ мора да биде предводник на овие есенцијално важни општествени промени. Тие мора да имаат системски карактер и да се третираат како стратешки приоритети на државата, кои меѓу другото би вклучиле формирање на посебно **Министерство за високо образование и наука**, унапредена и **рационална законска рамка за високо образование, научноистражувачката дејност, но и за Македонската академија на науките и уметностите**, која премногу долго време чека на донесувањето на измените и дополнувањата на **Законот за МАНУ**, за што ја користам оваа посебна прилика да апелирам државните институции тоа да го направат што поскоро, понатаму **гарантирано финансирање** на основните функции на државните академски институции (образование, наука, иновациски развој и апликативна дејност), **значително дебирократизирање** и поголема флексибилност на Трезорскиот систем, законско дефинирање на минимални **критериуми за академско регрутирање, унапредување и избор на раководен кадар**, воведување на мерки што **стимулираат академска извонредност**, формирање на посебен **Фонд за поддршка на научна работа**, сеопфатна програма за **социјална грижа на студентската популација** и академскиот подмладок, **борба против одливот на академски кадар** итн. За пофалба е што денес, преку активностите на Министерството за образование и наука, сведочиме на создавање на клима за реализација на дел од овие суштествени стремежи.

На крајот, би спомнал уште еднаш дека МАНУ, како највисока научна и уметничка институција во државата, има долг и обврска не само да ја чува и негува традицијата воспоставена од нашите претходници, туку и да обезбеди иднина во којашто македонскиот јазик, култура и идентитет, ќе бидат безбедни и неоспорувани. МАНУ цврсто стоела и стои на ставот дека тоа единствено може да се постигне само преку заедничка, аргументирана и континуирана научна работа, притоа црпејќи ги искуствата од минатото и користејќи го стекнатото знаење за обезбедување на иднината на научната мисла во сите области на општественото живеење и развојот на нашата држава.

**Нека ни е честит и вечен Денот на МАНУ!**

Ви благодарам на вниманието!

Следи доделувањето на меѓународното признание “БЛАЖЕ КОНЕСКИ” на годинашните добитници: Емилио Марин и Ивица Баковиќ